

ВМРО е револуционерна организација која е основана на 23 октомври 1893 г. (според стариот календар) во Солун. Целта на оваа организација е добивање на автономија за Македонија и  Одринска Тракија преку револуционерна борба. Основачи на ВМРО се Д-р. Христо Татарчев (лекар, родум од Ресен), Даме Груев (професор, родум од с. Смилево-Битолско ), Петар Поп Арсов (професор, родум од с.Богомила –Велешко), Иван Хаџи Николов (книжар во Солун, родум од Кукуш), Антон Димитров ( учител, родум од с. Ајватово-Солунско) и Христо Батанџиев (професор, родум од с.Гуменџе, Eниџе Вардарско).

**На денешен ден, 23 октомври 1893 г. (според стариот календар) во Солун е формирана:**
**ВМРО-Внатрешна Македонско-Одринска Револуционерна Организација**

ВМРО е револуционерна организација која е основана на 23 октомври 1893 г. (според стариот календар) во Солун. Целта на оваа организација е добивање на автономија за Македонија и  Одринска Тракија преку револуционерна борба. Основачи на ВМРО се Д-р. Христо Татарчев (лекар, родум од Ресен), Даме Груев (професор, родум од с. Смилево-Битолско ), Петар Поп Арсов (професор, родум од с.Богомила –Велешко), Иван Хаџи Николов (книжар во Солун, родум од Кукуш), Антон Димитров ( учител, родум од с. Ајватово-Солунско) и Христо Батанџиев (професор, родум од с.Гуменџе, Eниџе Вардарско).  Врвна точка на дејноста на ВМРО е организирањето на Илинденското востание во 1903 година во Македонија и на Преображенското востание во Одринска Тракија. Своите револуционерни идеи основачите почнуваат да  ги ширaт меѓу прогресивната младина во Солунската егзархиска машка гимназија. Набргу учениците од гимназијата создаваат кружоци и групи, кои после завршувањето одат по своите родни места и агитираат.

Се формираат и чети кои што патролираат по селата за да го челичат борбениот дух на народот. За генерален инспектор на сите чети во Македонија и Одринско  е назначен Гоце Делчев кој успева да ги реши сите недоразбирања и да придобие многу гркомани кон револуционерното дело.

На 27 август 1894 година во Ресен се одржа првиот конгрес  и се собрале 12 – 15 делегати претставници од месните комитети. Конгресот ја започнал својата работа на денот кога било извршено осветување на новоизградената црква „Св. Кирил и Методиј“ од страна на владиката Григориј (подоцна член на Организацијата), што послужило како можност за непречено доаѓање на делегатите и за одржување на Конгресот. Со

работата на овој Конгрес претседателствувал д-р Христо Татарчев, инаку претседател на Централниот комитет, а учесници биле видни претставници на ВМРО како: Даме Груев – секретар на Централниот комитет, Пере Тошев, Атанас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков, Григор Попев, Александар Чакаров, Александар Хаџи Панов, Тодор Станков, Атанас Мурџев, Трајко Доровски, Никола Наумов и др.

Конгресот ги разгледал извештаите на делегатите за развитокот и ширењето на Организацијата во реоните, како и за престојните задачи. Тука било уточнено однесувањето што требаше да се има спрема Егзархијата, општините и др. Било решено Организацијата да се труди за учители во сите училишта, општински и егзархиски, да протурка по можност свои луѓе. Исто така се донело решение на истиот начин да се преземат општините и училишните управи во свои раце. На секој му било дадено задолжение да дејствува за јакнење на месните комитети, а исто така и за снабдувањето со оружје. Паричните средства на Организацијата се состоеја само од членски влогови. Првиот Конгрес донел одлука организационо територијата на Македонија да се подели на три револуционерни окрузи: Солунски, Битолски и Серски.

Со Солунскиот револуционерен округ било предвидено да раководи непосредно Централниот комитет. За Битолскиот револуционерен округ бил избран окружен комитет во состав: Пере Тошев – претседател, Атанас Лозанчев – секретар, Григор Попев – благајник и Ѓорѓи Пешков – советник. Исто така, во оваа година за Скопскиот револуциуонерен комитет бил избран окружен комитет со седиште во Штип, бидејќи окружната организација таму беше најсилна. Таму во учебната 1894 - 1895 година дејствувале: Гоце Делчев, Дамјан Груев, Туше Делииванов, а подоцна и Петар Поп Арсов, Мише Развигоров, Христо Коцев, Емануел Чучков и др.

Во согласност со донесеното решение на овој Конгрес, истата година започнало издавањето на првите револуционерни весници: „На оружје“, „Бунтовник“ и др. Мрежата на Организацијата продолжила да се проширува во сите краеви на Македонија, како што истакнува Гоце Делчев во октомври 1895 година: „Во Македонија се развива систематска агитација која што има земено големи размери. Нема ниту едно катче во Македонија што не е опфатено“.

По конгресот Централниот комитет почувствувал потреба да биде изработен и еден внатрешен правилник, според кој ќе се раководат месните револуционерни комитети. Задачата да го состави тој правилник му беше поставена на Хаџи Николов, и овој правилник беше усвоен од Централниот комитет, се така во ист состав од шестмината, во дефинитивна форма, до крајот на истата година.

Потоа следат и
- II Конгрес - Солун, 1894 година
- III Конгрес - Солун, 1903 година
- Смилевски Конгрес - Смилево, 1903 година
- Прилепски Конгрес - Прилепско, 1904 година
- IV Конгрес - Рилски манастир, 1905 година
- V Конгрес - с. Жабокрт, 1908 година

- VI Конгрес - с. Србиново, 1925 година
- VII Конгрес - с. Крупник, 1928 година
- VIII Конгрес - с. Тросково, 1932 година



*Радица Димишковска*